| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план за Блок 12, КО Дебар 1, Општина Дебар, со плански период 2020- 2025. |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за просторни и урбанистички планови, инжинеринг и др. ГОПЛАН ДОО- Гостивар. |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Дебар. |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Јасер Чајали, д.и.а.<br>Умније Азири, д.и.а.<br>Насуф Саити, д.г.и. |
| Назив на работното место | Јасер Чајали- планер.<br>Умније Азири- соработник.<br>Насуф Саити- соработник. |
| Контакт податоци за лицето | ул. Беличица бб, 1230 Гостивар.<br>e-mail: go-plan@hotmail.com<br>тел: 042 50 54 04 |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА ДЕБАР - KOMUNA DIBËR
ГРАДОНАЧАЛНИК - KRYETARI
Бр./Nr. 10-367/1
06.05. 2020 год./viti.
ДЕБАР - DIBËR

Арх.знак/Shenja ark.
Рок на чување/Afati i ruajtjes
20 год./viti.
Потпис/Nënshkrimi.

| Основни податоци за планскиот документ |
| --- |
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| - Деталниот урбанистички план за БЛОК 12-Дебар, се работи согласно член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18 ), а се изготвува врз основа на:<br>- Програма за изработување на урбанистички планови на Општина Дебар;<br>- Планска Програма согласно чл. 26 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18);<br>- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18 );<br>- Правилник за поблиската содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичкопландски документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Сл. весник на РМ бр. 142/15).<br>- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18). |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☐<br>Не☒ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| - ДУП за Дебар, донесен со Одлука бр.09-2510/1 од 16.07.1990 год;<br>- ДУП дел од централно градско подрачје Дебар –локалитет ,,Венец1“ дел од урбан блок 12 - (2007-2012), донесн со Одлука бр.07-1033/3 од 13.11.2007 год;<br>- ДУП за централно градско подрачје Дебар– локалитет ,,Венец-2“, дел од блок 12,13 и 14, (2012-2017)-донесен со Одлука бр.07-1097/6 од 29.11.2013год;<br>- ДУП за дел од УБ 12 Дебар-локалитет ,,Венец-1“– (2014-2019) донесен со Одлука бр.07-71/5 од 27.01.2015год;<br><br>Планот се изработува со цел да овозможи обезбедување на услови на похумано живеење и работа на граѓаните, рационално и одржливо користење на просторот, заштита на недвижното културно наследство и заштита и унапредување на животната средина и природата. Урбанистичкото планирање обезбедува зголемување на степенот на хуманост на живеење и подобрување на условите за работа, хармонизација и хуманизација на просторот, со плански одредби кои воведуваат повисоки стандарди во однос на предходниот план. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Не. |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| Да ☐ Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не. |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Не. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Главна цел на изработка на ДУП е уредување и организирање на просторот преку:<br>- Одредување на градежни парцели,<br>- Планирање на градежни парцели,<br>- Утврдување на параметрите за големината на површината за градба, врз основа на нормите за планирање,<br>- Утврдување на системот на инфраструктурно опслужување на планираните содржини,<br>- Приклучок на локацијата со електрична енергија и др. инфрастуктура.<br><br>Изработката на ДУП има крајна цел преку:<br>- рационално користење на земјиштето<br>- максимално вклопување на инфраструктурата и градбите со теренот<br>- оформување препознатлива амбиентална и културна целина<br>- почитување и заштита на правото на човекот на работа<br>- почитување и надградување на пејсажните вредности<br>- оформување културен пејсаж<br>- почитување и валоризација на културното и градителското наследство<br>- подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица<br>- вградување мерки за заштита на животната средина и природното наследство<br>- вградување мерки за заштита и спасување<br>- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,<br>- да ги утврди параметрите и насоките за сите содржини во планскиот опфат врз основа на кои треба да се изработи соодветна Проектна документација согласно важечката законска регулатива, како и да ги пропише планско-проектните општи и посебни услови, преку параметри, кои се потребни за изработување на основни проекти за градба, кога на конкретната градежна парцела е утвдена една површина за градба, или изработка на АУП кога на една градежна парцела е определена површина, за која ќе се определат услови за поставување на повеќе градби, согласно определените параметри. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2020- 2025. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |

| |
|---|
| Зависи од динамиката и степенот на реализација (5- години). |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Блок 12, како помала единица на градежно земјиште, определена за детално планирање со Генерален урбанистички план на град Дебар, со површина 16.18ха. е со граница која се движи по осовина на улици на:<br>-север - ул.,, Урфи Аголи“ (СО4-по ГУП);<br>-југ-југоисток-Јужна обиколница-крак од Р-418 (Р1201-Струга-Дебар);<br>-исток-североисток-ул.,,8-ми Септември“ (М1- по ГУП);<br>-запад – ул.,,Новопроектирана“ (СЕ16 по ГУП); |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со предметниот ДУП за БЛОК 12 определени се следните класи на намени:<br>- А1 - домување во станбени куќи;<br>- А2 - домување во станбени згради;<br>- Б1- мали комерцијални и деловни намени;<br>- В1– образование и наука;<br>- В2- здравство и социјална заштита;<br>- Д1 – парковско зеленило;<br>- Д2- заштитно зеленило;<br>- Д3 – спорт и рекреација;<br>- Е1- комунална инфраструктура;<br>- Е2 - комунална супраструктура;<br><br>Потенцијалните извори на загадување на медиумите и областите во животната средина ќе бидат дополнително разработени при изработка на проектна документација, со децидно наведени плански мерки за заштита. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Планскиот документ нема да има негативно влијание врз животната средина.<br>Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии.<br><br>Затоа, треба задолжително придржување кон:<br>1. Мерките за заштита на животната средина, и тоа:<br>- мерки за заштита на животната средина;<br>- мерките за заштита на квалитетот на воздухот;<br>- мерките за заштита на водите;<br>- мерки за заштита на почвата;<br>- мерките за заштита од бучава;<br>- мерки за управување со отпадот;<br>2. Мерките за заштита и спасување;<br>- засолнување |

| | |
|---|---|
| | - заштита и спасување од поплави;<br>- заштита и спасување од пожари, експлозий и опасни материи;<br>- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ;<br>- заштита и спасување од урнатини;<br>- заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи;<br>- заштита и спасување од свлекување на земјиште;<br><br>Хуманитарни мерки се:<br>- евакуација;<br>- згрижување на загрозеното и настраданото население;<br>- радилошка, хемиска и биолошка заштита;<br>- прва медицинска помош;<br>- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;<br>- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло; |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Локалитетот се наоѓа во градското подрачје на Општина Дебар. Земјиштето е во рамките на градскиот градежен реон Блок 12.<br>Површина на плански опфат 16,18 ха (161762.2319 м2).<br>Вкупна површина на градежните парцели во рамки на планскиот опфат е 108012,81 м2.<br>Максимална површина за градба (под објекти) во рамките на планскиот опфат е 53184,99 м2.<br>Максимална вкупна развиена површина во рамките на планскиот опфат е 225932,51 м2.<br>Планиран број на домаќинства е 500.<br>Планиран број на жители е 2000.<br>Просторниот обем нема да има влијание врз животната средина. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Од економски аспект, планот предвидува зголемување на изградена површина во предметниот плански опфат. Со тоа се зголемува искористеноста на просторот, се добива поискористена нето густина по жител, повеќе комуналии за општината, а инфраструктурниот систем е со незначително зголемување во однос на предходната планска документација, се добива рационално користење на земјиштето и максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот.<br>Од социјален аспект, со реализацијата на овој план се подигнува квалитетот на просторот, се добива естетско уредување на просторот и се оформува нов и современ урбан пејсаж и ќе ги зголеми стечените. Со тоа се зголемува вредноста на областа која | |

| | |
|---|---|
| ќе биде засегната со донесување на планскиот документ. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Доколку нема влијание врз животната средина, ранливоста на областа која ќе биде засегната е незабележителна.<br>Вредноста: Со реализацијата на овој план се зголемува вредноста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ од економски и социјален аспект. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | - Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на Детален урбанистички план за Блок 12, КО Дебар 1, Општина Дебар, со плански период 2020-2025, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>- Од Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, добиен е допис со бр.17-4196/2 од 26.12.2019г. според кој во предметниот плански опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои се претпоставува дека претставуваат културно наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Нема влијание врз животната средина и нема надминување на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Земјиштето на кое ќе се гради претставува градежно земјиште.<br>Градежното земјиште во примарната поделба се дели на:<br>-Парцелирано градежно земјиште за поединечно градење и употреба и,<br>-Непарцелирано градежно земјиште за општа употреба.<br><br>Во планскиот опфат парцелираното градежно земјиште се состои од 190 (стодеведесет) градежни парцели, како најмали и основни единици на градежното земјиште.<br>Непарцелираното земјиште е земјиштето за општа употреба: улици, патеки, парковско и заштитно зеленило, каде се планирани другите инфраструктурни линии, водовод, канализација, електро енергетски, електронски и др.<br>Намената на земјиштето со ДУП се уредува на ниво на градежна парцела, со Систем на класи на намена, согласно член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на |

| | |
|---|---|
| | РМ бр 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).<br>Во планскиот опфат определени се следните групи на класи на намени:<br>А- домување;<br>Б - комерцијални и деловни намени;<br>В- јавни институции ;<br>Д –зеленило, спорт, рекреација и меморјални простори<br>Е-инфраструктура,<br>Основни класи на намени:<br>А1 - домување во станбени куќи;<br>А2 - домување во станбени згради;<br>Б1-мали комерцијални и деловни намени;<br>В1- образование и наука;<br>В2 – здравство и социјална заштита;<br>Д1- парковско зеленило;<br>Д2- заштитно зеленило;<br>Д3 – спорт и рекреација;<br>Е1 – комунална инфраструктура;<br>Е2 - комунална супраструктура; |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Со планскиот документ не се предвидува изградба на објекти или други планови за кои е предвидено спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Планскиот опфат се наоѓа во рамките на дефиниран градежен реон со Генералниот урбанистички план на град Дебар од 2004-2014година, во рамките на планскиот опфат за Детален урбанистички план за Блок 12, КО Дебар 1, Општина Дебар, со плански период 2020- 2025, за кој е спроведена стратешка оцена за влијание врз животната средина и за истото е добиено позитивно мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.<br>Локалитетот се наоѓа во градско подрачје на градот Дебар. Земјиштето е во рамките на градскиот градежен реон Блок 12. Планот предвидува изградба на објекти за домување во станбени куќи- А1, домување во станбени згради- А2, мали комерцијални и деловни намени- Б1, образование и наука- В1, здравство и социјална заштита- В2, парковско зеленило- Д1, заштитно зеленило- Д2, спорт и рекреација- Д3, комунална инфраструктура- Е1 и комунална супраструктура- Е2, но во нивна близина не се |

| |
|---|
| предвидува изградба на објекти кои би имале влијание врз животната средина на планираните објекти во опфатот на планскиот документ. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Планскиот документ не се однесува од аспект на заштита на животната средина ниту особено на некој нејзин медиум или област. Од аспект на одржливоста донесувањето на планот ќе придонесе до добивање на потребна функционално- просторна организација на просторот и соодветен квалитет на користење на истиот. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Со овој плански документ не се очекуваат забележителни негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>За предметниот плански опфат од претходна планска документација постои:<br>- Генералниот урбанистички план на град Дебар од 2004-2014година, донесен со Одлука од Советот на Општина Дебар со бр.07-27/4 од 18.02.2005 година, и<br>- ДУП за Дебар, донесен со Одлука бр.09-2510/1 од 16.07.1990 год;<br>- ДУП дел од централно градско подрачје Дебар –локалитет ,,Венец1“ дел од урбан блок 12 - (2007-2012), донесн со Одлука бр.07-1033/3 од 13.11.2007 год;<br>- ДУП за централно градско подрачје Дебар– локалитет ,,Венец-2“, дел од блок 12,13 и 14, (2012-2017)-донесен со Одлука бр.07-1097/6 од 29.11.2013год;<br>- ДУП за дел од УБ 12 Дебар-локалитет ,,Венец-1“– (2014-2019) донесен со Одлука бр.07-71/5 од 27.01.2015год;<br><br>Овој плански документ се изготвува врз основа на ГУП на град Дебар 2004-2014 год. и важечките ДУП-ви.<br>За влијанието на планскиот документ на ГУП на град Дебар 2004-2014 год. врз животната средина е изработена стратешка оцена за влијание врз животната средина.<br>Во опфатот на планскиот документ Детален урбанистички план за Блок 12, КО Дебар 1, Општина Дебар, со плански период 2020- 2025, не се предвидува индустриска зона и други објекти со дејности кои значително би ја загадувале животната средина.<br>Целите на сите наведени плански документи се усогласени со целите и содржините на планот и нема разлика во клучните одлуки. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. |

| | |
|---|---|
| Потенцијалните влијаниа од предметниот опфат би биле предмет на разгледување во Елабораторт за заштита на животната средина. | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Клучната одлука во овој плански документ во подоцнешната фаза не предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Дебар<br>Хекуран Дука |
| Датум 06.05.2020 година<br>Место Дебар<br>Бр. 10-367/1 | М.П. |